МАКЕДОНИКА

Год. X, бр. 23-24,
јули 2020
ISSN 1857-7539
UDK 82; 930.85

Издава
МАКЕДОНИКА литера ДООЕЛ – Скопје

За издавачот
Нове Цветаноски

Редакција
Горан Калоѓера
(Хрватска)
Мирослав Коуба
(Чешка)
Невен Радически
(*Македонија*)
Волф Ошлис
(*Германија*),
главен и одговорен уредник
Ана Багрјана
(*Украина*)
Олга Панкина
(*Русија*)
Нове Цветаноски
(*Македонија*)

Лектура
Елена Саздовска

Компјутерска подготовка
МАКЕДОНИКА литера

Дизајн на корица
Ленче Тосева

Адреса
МАКЕДОНИКА литера
ул. Никола Добровиќ 1/1-3
1000 Скопје
Е-адреса:
makedonikalitera@yahoo.com
www.makedonikalitera.mk
https://www.facebook.com/makedonikaknigi/
Тел.: +389 (0) 2 2722 820
ЕМБС: 6578845
ЕДБ: 4044010502677
Трансакциска сметка:
320100024712982 – Централна кооперативна банка – Скопје

Печати
Графо ден – Скопје
Тираж: 300 примероци

ВО ОВОЈ БРОЈ:

Владимир Јанев:
Прилог кон демографската состојба во Македонија (од 18 до почетокот на 20 век.....3
Славчо Ковилоски:
Запис за Марко Цепенков.....24
Дарин Ангеловски
Прличевите препеви на Хомеровата *Одисеја*.....33
Васил Тоциновски
Чекор по чекор кон Арарат.....43
Мирче Нешовски:
Врвно вознесение на Вапцаров.....52
Александар Симоновски:
АВНОЈ, Светосавскиот конгрес и АСНОМ.....57
Марјан Иваноски:
Македонското национално малцинство во Бугарија: Анализи на комисијата за меѓународни врски на ЦК на СКЈ и на СО на ССРНЈ во 1957 година.....65
Предраг Димитровски:
„Тајната дипломатија“ и несудениот златник за дедо Михаил.....73
Марјан Иваноски:
Односот на ДООМ и на Драган Богдановски спрема другите емигрантски организации.....91
Британски документи за Македонија (1903-1904).....99
Ана Витанова-Рингачева:
„Не треба шум да се крева, туку темелно да се гради!“.....117
Ивица Баковиќ:
Студии за човечкиот порив.....124
Ана Витанова-Рингачева:
На брегот, живот!.....130
Bibliografica makedonika.....139

Министерство за култура

Овој број на списанието МАКЕДОНИКА е објавен со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија

МАКЕДОНИКА
литера
www. makedonikalitera.mk
e-mail: makedonikalitera@yahoo.com
makedonikalitera@gmail.com
https://www.facebook.com/makedonikaknigi/

© Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и во електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

UDK 323.1(=163.3):303.4(497.7)(049.3)
7/8-05(497.7)(049.3)
821.163.3-4(049.3)
821.163.3-1.09``19/20``(049.3)

Ана Витанова-Рингачева

НА БРЕГОТ, ЖИВОТ!

Георги Барбаровски: „Покрај матицата“, Панили, Скопје 2020

Народ чијашто традиција е исполнета in continuum со вообразби на уметничкиот порив и телос, небаре уметноста е негов дар божји и differentia specifika, не може да нема создадено паралелен свет на поиезис, на мимеса, на опишување (писмо, слика) и прераскажување на својата историја, на своето поимање на време-просторот и егзистенцијата.
Катица Ќулафкова[1]

Современите уметнички дела (книжевни, музички, сликарски, филмски, скулпторски) воопшто, имаат своја специфична палимпсестна карактеристика. Создавани врз веќе познати создателства на големите умови пред нас, делата пренесуваат пораки некогаш одамна кажани и пуштени слободно да се движат низ времето и просторот. И нема да биде многу ако констатираме дека живееме во свет на пресоздавање, преобликување, доусовршување, па и откривање на новите значења на уметничките дела кои ја интерпретираат актуелната стварност. Постапката е иста, но различни се медиумите низ коишто се пренесува пораката. Зборот е медиум исто толку моќен колку и музиката, сликата, скулптурата. Историјата поседува мнемонички техники, таа памети и запишува и тогаш кога актуелниот миг е со фокус свртен на другата страна. Во заднина, на само навидум големите случувања, се создаваат дела кои тихуваат и чекаат да бидат забележани и откриени од оние чие око гледа и отаде хоризонтот. Толкувачот влегува во дијалог со делото, го набљудува, размислува за него, се обидува да го доживее, но и да влезе во свеста на неговиот создател, за да го разгатне поривот за создавање. Така делото од објект на опсервација станува субјект во дијалогот што толкувачот го води со него. Тој дијалог од сферата на имагинарното, преку зборот и хартијата се пренесува на сцената и тогаш се раѓа текстот како плод на „разговорот“ меѓу делото и неговиот толкувач.

[1] Ќулафкова, К. (2001). Мала книжевна теорија. Скопје: Три, 51.

Прецизно обликуваното паспарту на Георги Барбаровски ги врамува портретите и делата на авторите за кои тој самиот определил простор во својата херменевтичка лабораторија. Барбаровски воспоставува аналогија меѓу зборот, музиката, сликата, скулптурата и сите тие заедно дишат стуткани во пазувите на македонската книжевна, музичка, сликарска, скулпторска историја. Авторот не ги опсервира делата служејќи се со формулите на патетиката. Тој не се обидува да биде допадлив секому и по секоја цена. Едноставно, Барбаровски поставува свои критериуми според коишто ги одбира делата што не се нашле во фокусот на критичарите, од една или друга причина. Со својата постапка, тој само ја потврдува тезата на акад. Ќулафкова дека македонскиот народ како да бил допрен од раката на семожниот Создател, кој му ја подарил уметничката дарба како божји дар, единствен и свет. „Би било впрочем чудно, еден народ во чијашто културна, верска и етничка историја се сочувани фасцинантни уметнички отпечатоци, било овие да се врежани во форма на слово (збор), на книга, на фреска и икона, во форма на илуминации на стари словенски ракописи според традицијата на народната тератологија или византиската естетика, во облик на минуциозни резби и опкови, во облик на цркви, конаци, манастири и светилишта, мозаици и теракотни икони, во облик на грнчарски предмети и накит, лакримариуси и саби, везови и плетки, пафти и крстови, скулптури и монети или пак во некоја од бројните варијации на усната јазична и книжевна култура и – конечно во облик на специфичен мелос кој, и кога наликува на мелосот на другите словенски и балкански народи, содржи плус нешто друго, нешто поинакво, нешто екстра, такт повеќе, нешто кое се спротивставува на претставата за линеарноста и за конвенционалноста, некој вишок кој го хроматизира белиот јазик на музичките и антрополошките стереотипи и схеми, би било значи навистина чудо таков народ да нема долговековна и богата книжевна повест.“ (Ќулафкова 2001: 509-510)

Токму книжевната историја ги бележи имињата на оние што умеат да застанат пред делото и простум да го погледнат со желба да започнат „разговор“ со него. Таквите замислени дијалози во коишто уметничкото дело ја разоткрива својата интима, подоцна стануваат текстови коишто книжевната критика се обидува да ги придобие како свои. Во нашиот случај, набљудувачот толкувач не зборува од аспект на превреднување на делата, тој едноставно го приложува на показ сопственото видување и толкување на делото како актуелен предизвик. Книгата насловена **Покрај матицата** содржи четири поглавја: „За бесот и за вознесот“, „Нивните пресметки“, „Што му дошепна бојата на мермерот“ и „Тонот во потрага по мелодија“. Георги Барбаровски си направил свој личен избор на дела кои тивко и ненаметливо се појавуваат на македонската книжевно-историска и уметничка сцена, а тој ги забележува и дава своја интерпретација за нив. Авторот особено се осврнува на поетските книги на

Иван Василевски, Светлана Неделкоска, Кочо Топузоски и Анета Василева; на студиите на Стефан Влахов Мицов, Лидија Славеска, Ристо Никовски, Јове Кекеновски и Ефтим Гашев, на сликарските дела на Владимир Георгиевски, Ниче Василев, Запро Запров и на скулптурите на Боро Митриќески; на музичките остварувања на Ана и Олег Кондратенко, на инструменталното дуо Аспарух Ќортошев и Дарко Богески и на првиот носач на звук на музичарот Петар Рецов.

Во нашиот осврт кон книгата **Покрај матицата** на Георги Барбаровски приоритет му даваме на второто поглавје, насловено „Нивните пресметки“, од причина што опсервираните дела во овој дел се надвор од уметничката рамка на толкување што доминира во книгата. Барбаровски ги предочува своите размислувања за дела кои отвораат дискусија за значајни прашања од македонската историја, но и сегашност која во перспектива од некое идно време ќе биде фрагмент од минатото. Овој дел од книгата не се вклопува во матрицата на уметноста од којашто произлегуваат дискусиите за останатите дела. Меѓутоа, авторот како да прави обид уметничките дела да ги стави во функција на облагородување на стварноста, притоа јасно истакнувајќи го историскиот контекст во којшто егзистира уметноста. Во овие дискусии јасно се исцртуваат контурите на авторовата мисла кога се во прашање крупни теми од витално значење за македонската историска карта. Вториот дел ги содржи освртите кон книгите: *Држава – како се гради и брани и Македонската еманципација на Балканот* од Стефан Влахов, како и текстот по повод доделувањето на наградата *Духовен воин,* во Струга, 2011; *Македонската генеза* од проф. д-р Лидија Славеска; *Улогата на САД во македонските голготи 1991-2013* од Ристо Никовски; осврт кон книгата колумни на д-р Јове Кекеновски; книгата *Непокор* од Ефтим Гашев и истражување на Кочо Топузоски преточено во книгата *Ветераните на Илинден.* Цитирајќи го Милан Кундера, кој во еден есеј вели: „Ако порано Историјата напредувала многу побавно од човечкиот живот, денес токму таа оди побрзо, ита, му бега на човекот, така што и континуитетот и идентитетот на некој живот се во опасност да пропаднат“, Барбаровски го свртува вниманието на читателот кон оние книги што се занимаваат со македонското идентитетско прашање, актуелно во дадениот момент. Повикувајќи се на силниот индивидуализам на историчарот Стефан Влахов Мицов, авторот го доживува како научник и историчар кој се обидува да ги исцрта контурите на македонството, но и да ги открие „гнилите“ јазли кои го разоруваат македонското ткиво однатре. Книгите на Мицов, како и книгата на Лидија Славеска, фрлаат еден поинаков поглед врз начинот на кој се толкуваат историските факти, за да се испише една (не)постоечка историја за Македонија и генезата на македонскиот народ. „Книгата *Македонската генеза* е поход кон праведноста и правичноста, како човечки доблести и сознанија за македон-

ското битие“, ќе истакне Барбаровски. Македонскиот историски трагизам го живеат и современите генерации, иако секој, во името на демократијата, може да го толкува по сопствено убедување, некој како напредок, друг како перфидност. За улогата на т.н. „меѓународен фактор“ секојдневно се даваат различни толкувања и ставови. Книгата на Ристо Никовски, според Георги Барбаровски, дава одговори на прашањата: „зошто патот на Македонија е толку трнлив, болен и неизвесен и зошто нејзините граѓани бескрупулозно ги притискаат да платат највисока цена за она што природно и според меѓународното право им припаѓа.“ Барбаровски зборува за профилот на Никовски како за човек кој припаѓа на страната на оние што расудуваат. На македонската политичка сцена парадираат ликови длабоко пропаднати во живата кал на личната и колективна хипокризија, со деградирани, речиси уништени морални и етички принципи и вредносни квалификации со две непознати. Новиот етички кодекс зборува за лаги, навреди, клевети, ветувања без мера, обезличен морал, политикантство и отсуство на елементарното чувство на срам. Колумните на проф. Јове Кекеновски ги отвораат прашањата што произлегуваат токму од ваквите нови форми на однесување на оние што во своите раце го држат кормилото на бродот Македонија. Кекеновски загатнува и други, многу пошироки теми како појавата на „путинизмот“ во Русија, за „американското проклетство“ коешто до неодамна, како што се верувало, ги следело претседателите на САД, за теоријата на светските заговори, за масонството и за неговото влијание во светските процеси.

Во овој дел од книгата, авторот фрла поглед и кон делото на Ефтим Гашев, човекот кој „плати превисока цена за својата тврдокорност“. Нема човек што нанижал толкав број политички опоненти, иако на ниеден од нив лично не му направил никакво зло; нема човек што напишал повеќе полемички одговори од него; нема пообјавуван и понеобјавуван автор во исто време, такви квалификации дава Барбаровски за ликот на Гашев. Проследувајќи ги важните настани од поновата македонска историја, Гашев остро се спротивставува на оние процеси за коишто смета дека нема ништо добро да ѝ донесат на неговата татковина. Затоа, нагласува авторот, Ефтим Гашев знае да биде незгоден, остар, да оди по работ, да не ги прифаќа беспоговорно општоприфатените вистини, но со право секогаш гласно да го каже своето мислење. Нашето внимание особено го привлекува книгата *Ветераните на Илинден* од Кочо Топузовски, истражувач кој во науката има изложено и оригинална архивска граѓа, сведоштва за животните врвици на Никола Карев и Питу Гули. Особено нè заинтригира укажувањето на толкувачот Барбаровски, дека „книгата содржи архивски документи со несомнена историска вредност која безмалку 70-тина години лежела затрупана во некои фасцикли, без да го предизвика вниманието на нашите историчари.“ Правник по вокација, Топу-

зовски приложува богатство од административни документи, биографии, изјави на храбрите илинденци кои фатени во клинч со државата и со законите, иако во длабока старост, не можеа да ја почувствуваат грижата на земјата за којашто се бореа. Сведоштвата на илинденците денес се историја што „опоменува за тоа колку неодговорно властите се однесувале спрема луѓето кои ги испишаа најсветлите, највозбудливите, најхеројските и во исто време најтрагичните настани од македонската историја“, ќе истакне Барабаровски.

„Нашиот свет, раздробен и искршен на парчиња, тешко се составува на едно цело. Напуштен и презрен, човекот е немоќен да преземе сериозна социјална и интелектуална иницијатива и е осуден на своја речиси *космичка осама*, која толку сеопфатно ја чувствуваме.“ (Старделов 2006: 13) И можеби токму таа *космичка осама* за којашто говори акад. Старделов е просторот во кој современиот човек се обидува да се осами за да создава. Времето кога ни била укажана честа да зачекориме на сцената на животот, историјата ќе го забележи како време на усвитени противречности, каинавелски двобој за материјална придобивка и опстанок на човек со осакатена мисла, без емпатија и желба за себеиздигнување. Како пркос на една ваква трагична сегашност, опстојува книжевноста и воопшто уметноста. Да се живее во време на сомнеж значи уметникот (писателот, музичарот, сликарот, скулпторот) да се сомнева дали во едно неприродно надгласување и робусна какофонија, неговото дело ќе го пронајде патот до вистинскиот читател/слушател/гледач. За кого творам јас? Кому му е потребна уметноста? Постојат ли мерила за неа? Да се љуби уметноста, значи да се одржува жив пламенот што ја разгорува страста по убавото. И тука, во матицата, во средината на речното корито водата е најжуборлива, водената струја најсилна, а реката, најдлабока. Со својата сила, водата го длаби дното правејќи си колепка. Тука водата чиниш се надгласува со сè околу неа. Но радостите на животот виреат покрај водата, тука природата како да ги слика своите создателства во сите бои. Така некако би изгледала нашата аналогија на насловот на книгата со делата кои, според критериумите на Георги Барбаровски, заслужуваат свое место. Во првиот дел насловен „За бесот и вознесот“, авторот прави обид за разгатнување на поетиката на македонскиот поет Иван Василевски преку разгатнување на метафорите во книгата поезија *Ушки* и поемата *Александар*. Покрај матицата, на бреговите на современата македонска литература децении скромно вирее делото на Иван Василевски, писател, полиграф кој остави вредни дела зад себе. Авторот дава свој коментар за книгата *Зауздана поезија*, прва книжевна објава на поетесата Светлана Неделкоска, а се обидува да го протолкува и стихот на поетесата Анета Василева во книгата *Умри женски*. Барбаровски ги разгатнува лирските асоцијации во поетската книга *Преопознавања* од Кочо Топузоски, поет за кого Ефтим Клетников ќе рече дека е „автор отворен како кон хаосот на историјата и ентропијата

на времето, така и кон емотивните слоеви на душата и микроструктури на битието“. И додека во заднина одзвонува фонот на страдањето, на крајот од овој дел авторот го приложува својот опит насловен *Како да се оѿее ѿоразоѿ на Самоил.*

Естетско-уметничкиот македонски релјеф го длабат и на него оставаат своја скаменета трага делата на големите македонски уметници, сликари и скулптори. Секој од нив поставува своја специфична сликарска и скулпторска поетика, притоа оставајќи ги своите дела за урнек на новите генерации, кои сè уште не созреале за вистински да ги разберат. Тоа се автори чии дела се напојуваат од матицата, но не црпат ненаситно од неа, туку капка по капка го хранат коренот што се приклештил длабоко, дури до дното на речното корито. Кога брзаците ќе ја разбрануваат реката, тогаш таа штедро ги заплиснува. Третиот дел, насловен „Што му дошепна бојата на мермерот“, ги содржи освртите по повод изложбата на Владимир Георгиевски во Гевгелија, изложбата на скулптури на Боро Митриќески во Прилеп, читање на делото на академскиот сликар Ниче Василев, осврт кон делата на Запро Запров изработени од парталави черги и нивната изложба, како и изложбата на Дарко Марковиќ на „Ин Виница веритас“. Авторот имал можност да разговара со Георгиевски, да влезе во неговиот сликарски свет духовно, преку доживувањето на неговите слики, но и физички да го вдише воздухот со мирис на свежа боја, во ателјето на уметникот. Привилегија е да се дели просторот со уметникот чии дела се создадени „од крици и од крв“, со големиот сликар кој „созреа во промислата на светот, ја разбра радоста и агонијата на човекот, го усоврши уметничкиот израз, ја сочува или подобро ја регенерира силата и, ете, се согласува или се спротивставува со убавините и со грдотијата на животот. Барбаровски размислува за моралната димензија на сликите на Георгиевски. На платното наслушнува „жестока расправа меѓу култури, меѓу политички и духовни личности“, личности што можеби ќе ги сретнете во секојдневното опкружување, но овде врамени добиваат можност да остават свој личен белег. Авторот умее да се загледа во уметничките дела, да продре до слојот којшто е под видливата површина, бидејќи таму се скриени вистинските значења. Таа постапка ја применува при набљудувањето на делото на академскиот сликар Ниче Василев, уметникот кому „не му треба нешто да позајмува од надворешноста“. Токму Ниче е уметникот што речиси четириесет години твори покрај матицата и исто толку време се одржува на врвот на македонската сликарска пирамида. Имајќи ја привилегијата улиците на малиот град да ни бидат место за заеднички чекор, можеме само да бидеме сигурни дека токму таа негова позиционираност повисоко на брегот му овозможи побистар поглед кон хоризонтот. Ниче е најголемиот лиричар меѓу уметниците, неговите слики се обоени емоции насликани во ликот на дамата или во пејзажот на меланхоличната природа.

Процената на неговиот духовен ментор, професорот Лудвиг Мачонг од Варшава, дека Ниче Василев поседува „аскетска скромност и чувствителност“ останува непроменета референција во неговата биографија. Барбаровски воопшто не се потпира на тоа што сликарските критичари имаат да кажат за делото на Ниче, тој едноставно си дава свое толкување на сликите, така како што ги гледа и доживува. Во тоа е, впрочем, убавината на овој текст кој ги заобиколува строгите академски оценки, а во преден план го истакнува чувството произлезено од загледаноста во уметничките создателства на уметникот Ниче Василев.

Скулптурите на Боро Митриќески, изложени пред очите на гледачот, блеснуваат со сета своја убавина и започнуваат да говорат со јазикот на уметноста. Парчето ореовина, глината и мермерот допрени од раката на скулпторот како да оживуваат, говорат, емитуваат чувства, невербално комуницираат со љубопитниот занесеник во уметноста. „Ликовите што ги пресоздава во глина, мермер, во дива круша или во ореово дрво имаат анатомија на смртници, но духот им е бесмртен, та се чинат толку едноставни и толку возвишени, истовремено.“ Митиќески поседува чудесна имагинативна експресија, а Барбаровски пак, понесен од неа, посегнува по опитот, една мала алузија да ја трансформира во кратка одломка од поголем текст. Тој текст можеби никогаш нема да биде создаден, но многу поважно од тоа е да сфатиме како се мултиплицира уметноста, како се пресоздава од еден во друг облик. Налик на првобитната честичка од којашто е создаден светот. Барбаровски ја оживува маркоцепенковата идеја за родната грутка, чија убавина непослушниот син ќе ја осознае дури откако ќе го очисти духот по долгото иницијациско патешествие. „Во септември 2004, со Велија Рамковски и со Емил Ниами полетавме кон Москва, за да ја однесиме бистата на Цепенков, извајана од Митриќески. Цепенков ѝ го носевме дар на Серуската државна библиотека за странска литература. На аеродромот Шереметјево нѐ пречекаа љубезните домаќини и ние им го предадовме спакуваниот бронзен одливок на Цепенков“, сосема реалистичен почеток на приказната за повторната преселба на нашиот Силјан од Мало Коњари. Еден сосема нормален тек на нарацијата што неочекувано добива фантастичен тек, тогаш кога се отвора бистата на Цепенков и од неа полетува Силјан, се вивнува високо горе кон облаците со свитокот на гуша. „Терзијата и мене ме надитри. Не знаев дека Силјан сам влегол во бистата на Цепенко“, рече смирено Митричот, за да ја направи уште позагадочна алузијата на Барбаровски. Магична, по малку мистична е сликата за одново родениот Силјан, кој со секој нов превод ги надлетува ширните и далечни пространства, за да ја однесе пораката за нашата колективна судбина како луѓе. Силјан прераснува во универзален архетип на човекот откорнат од матицата за да се случи толку потребната духовна преобразба. Силјан веќе еднаш прероден има мисија да ја пренесе пораката до словенскиот свет, бидејќи таа е општочовечка

и универзална. И затоа оваа одломка ја доживуваме како настан кој е толку возможен и воопшто не нѐ зачудува Силјановото воскреснување од бистата на неговиот создател. И по сто години од последната Цепенкова воздишка (умира во 1920), срцето на Цепенков како сѐ уште да чука во ритамот на летот на крилјата на Силјан Штркот. И затоа не е ни чудо што се оддели од неговите извајани гради, за да одлета.

Уште еден уметник кој копајќи по минатото создава сегашност и навестува иднина е Запро Запров и неговите дела од парталави черги. Невообичаена глетка! Уметничко дело од изветвени партали, навидум мртви предмети зафрлени во правливата визба на напуштената селска куќа. Од мртвилото наеднаш облак свеж воздух, мирис на одживеана песна, навидум мртва, а сѐ уште толку жива. И одеднаш стануваме посетители во изложбениот салон во којшто се случува промоцијата на сликите на Запро Запров. Луѓето се загледуваат во делата обидувајќи се да ја најдат вистинската причина за ваквата постапка на нивниот создател, а во меѓувреме се случува уметничка дигресија на набљудувачот. Течат две нарации на една иста приказна. Се случува алузија на свадбена церемонија на којашто девојките се во лет да го фатат невестинскиот букет. Настрана од сѐ две момчиња го чекаат миготот кога фустаните на девојките ќе го распуштат својот крој и ќе станат слободни, движејќи се занесно во ритамот на телото на девојката што го носи. Барбаровски го цитира Алберто Моравија, кога напиша: „Јас сега сум на 86 години. Безмалку со едната нога в гроб. Но, моите очи на женскиот свет гледаат со очи на 18-годишно момче.“ Токму такви се сликите на Запров, суштествуваат настрана од актуелниот момент, заводливи се криејќи ја во себе неодоливата страст на боите и формите. И кога на почетокот зборувавме за палимпсестната особина на уметноста, мислевме токму на еден ваков прототип на уметник. Само ако за момент го пуштиме погледот подлабоко под површината, ако ја протнеме дланката низ ткаенините, боите и формите, ќе го почувствуваме допирот на едно друго време, ќе ја наслушнеме приказната на уморната ткајачка, сонот на девојката и песната на тажачката. Уметничкото љубопитство на Запров нѐ носи во една друга димензија на постоењето; позната ни е по форма, но не сме ѝ ја осознале суштината.

Во четвртиот дел, „Тонот во потрага по мелодија“ авторот навлегува во музичките приказни: *Навара* на дуото Ана и Олег Кондратенко, *Лирска ѿајажина* на Аспарух Ќортошев и Дарко Багески и *Соноѿ на невесѿаѿа* од Петар Ренцов. Обездуховениот свет одамна веќе како да не го возбудуваат звуците на виолината. Да се потсетиме на митот за монголската виолина, за девојката вљубена во принцот-ѕвезда кој секоја ноќ ја напуштал одлетувајќи на својот крилат коњ. Нечија злоба ќе му ги отсече крилјата на коњот. Оплакувајќи го мртвиот коњ, принцот ја гледал неговата грива сѐ додека влакната налик на

струни не почнале да создаваат музика, а тажачката на принцот се претворила во песна. Како и шаманот, пејачот го започнува својот пој создавајќи необична атмосфера во којашто звукот на виолината станува мост за напуштање на земниот свет и допир со невидливите сили. Неминовно е да се спомне Шопенхауер, кој вели: „Она најдлабокото во музиката, коешто не може да се изрази со зборови, што прави таа крај нас да прелетува како некој толку познат, а сепак, вечно далечен рај, она што, значи, е толку разбирливо и, сепак, толку необјасниво, почива врз фактот што таа ги предава сите движења на нашата најдлабока суштина, меѓутоа, целосно без стварноста и далеку од нејзиното страдање."

Авторот не се појавува од позиција на критичар, тој тоа никогаш и не бил. Неговата фокусна точка е поставена како набљудувачница кон отворената, недогледна синевина на водата. Оттаму спокојно ги набљудува пловилата, восхитувајќи им се и заблазувајќи им на слободниот лет. Во светот во којшто уметноста забревтано трча во обид да ги престигне квазиуметничките создателства и да им го одземе незаслужениот примат, уметникот како да се повлекува во својата осама, за да создава дело, пркос на сите наметнати релативизации.

Користена литература:

1. Клетников. Е. (2017). *Златното руно на текстот*. Скопје: ТРИ
2. Старделов, Г. (2006). *Ноќен градинар*. Скопје: Култура
3. Ќулафкова, К. (2001). *Мала книжевна теорија*. Скопје: ТРИ
4. Шопенхауер, А. (2005). Светот како волја и претстава. Во: *Убавина и уметност од Платон до Кроче,* приредил Иван Цепаровски, Скопје: Магор

МАКЕДОНИКА
литера
www.makedonikalitera.mk
makedonikalitera@gmail.com
makedonikalitera@yahoo.com
https://www.facebook.com/makedonikaknigi/